РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Општина Аеродром
Бр. 04-492/10
15.11.2023 год.
СКОПЈЕ

**Општинско основно училиште „Блаже Конески“**
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: oou-blazhekoneski-aerodrom@schools.mk

Врз основа на член 45, став 1 од Законот за административните службеници (“Службен весник на РМ” број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/18 и “Службен весник на РСМ“ 275/19, 14/20, 215/21 и 99/2022), Директорот на ООУ,,Блаже Конески“ Општина Аеродром – Скопје м-р Виолета Ристовска, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник

1.За извршител за работното место – ОБН 0102 Г02 008 Благајник, со звање Виш референт во Одделение за финансии и сметководство, , се избира кандидатот **Снежана Николовска.**

2.Именуваниот од точка 1 на оваа одлука ќе биде вработен на работното место по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за работа.

3.Оваа одлука се доставува до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација

## Образложение

По барање на ООУ,,Блаже Конески“ Општина Аеродром – Скопје, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр.392/2023 на својата веб страница како и во дневните весници “Вечер“, “Слободен печат“ и “Коха“ на ден 13.10.2023 година за вработување на административен службеник беше огласено работното место ОБН 0102 Г02 008, со звање Виш референт за работното место-Благајник, во Одделение за финансии и сметководство.

Со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавниот оглас на Агенцијата за администрација бр.10-1808/3 од 19.10.2023 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1808/4 од 27.10.2023г формирана е Комисија која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник по јавниот оглас.

Комисијата за селекција на ден 30.10.2023 година во 11:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за огласот број 392/2023 при што утврди дека за работното место се пријавиле 10 (десет) кандидати од кои 4 (четири) со уредна документација кој продолжува во втората фаза на постапката.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас на 10.11.2023 година во 09:00 часот спроведе постапка за полагање на испит, а на 13.11.2023 година во 12:30 часот постапка за проверка на веродостојност на докази и одржа интервју со единствениот уреден кандидат. Согласно добиените бодови од административна селекција, спроведениот испит за административни службеници и



**Општинско основно училиште „Блаже Конески“**

**ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје**

**Тел/ факс: 02/2469- 746**

**Електронска пошта:** oou-blazhekoneski-aerodrom@schools.mk

интервјуто, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекцијата.

Врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекцијата за вработување на кандидат со најголем број на освоени бодови за работното место ОБН 0102 Г02 008, со звање Виш референт за работното место-Благајник, во Одделение за финансии и сметководство, го избра кандидатот **Снежана Николовска.** Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Директор**
**ООУ„Блаже Конески“ Скопје**
**м-р Виолета Ристовска**

Доставено до:

- Именуваниот,
- Архивата